# Правно признавање на родот: Најчести прашања и аргументи

## 1.Некој ќе изврши кривично дело и веднаш ќе оди да ги промени документите за да избегне одговорност.

Дури и само за промена на името, потребна е потврда дека лицето не е осудувано или не се води кривична постапка против него. Затоа на таквото лице не може да му се издаде таква потврда и тоа не може да изврши промена на личните податоци. Дури и доколку не е познато дека лицето штотуку извршило кривично дело, а тоа ги промени податоците, за претходните податоци се води евиденција. Доколку има потреба, на пример, во кривична постапка, веднаш ќе биде јасно дека се работи за истото лице, така што овој аргумент не може да се употреби за избегнување одговорност и не е причина за оневозможување на ова право на трансродовите луѓе.

## 2.Мажи затвореници ќе бараат промена на документите за да бидат префрлени во женски затвор.

Според статистиките на светско ниво, трансродовите затвореници имаат најнизок статус во круговите на затворениците и се честа цел на сексуални и брутални физички напади. Наместо да се занимаваме со претпоставки, што не се потврдени со конкретни случаи, треба да ги погледнеме реалните проблеми со кои затворениците се соочуваат. Трансродовите затвореници мора да добијат соодветна заштита и почитување на нивниот родов идентитет, независно од тоа што извршиле одредено кривично дело.

## 3.Сексуалните престапници ќе добијат пристап до тоалетите на спротивниот пол.

Кај нас не постои практика на проверка на личната документација при влез во јавен тоалет, така што на сексуалните престапници не им е потребна промена на документите за да го извршат казнивото дело. Освен тоа, статистиките покажуваат дека нема ниту еден напад во тоалет од страна на трансродово лице – напротив, транслицата се тие што се постојано малтретирани, снимани и им се упаѓа во кабините на тоалетот за да бидат вознемирувани.

## 4.Ќе престанат да постојат „мажи“ и „жени“ и ќе се уништи општеството.

Трансродовите лица не претставуваат голем процент од населението. Тие одлучуваат да ги променат своите документи за да можат нормално да функционираат во секојдневјето и да имаат еднаков пристап до добра и услуги. Можноста за промена на документите на ниту еден начин не влијае врз остатокот од населението, кое не е трансродово, и кое и понатаму ќе ги поседува своите постојни документи и ќе функционира како и досега.

## 5.Слободниот избор на ознака за пол значи крај на мерките за еднаквост за жените.

Можноста за промена на документите на ниту еден начин не влијае врз положбата на жените во општеството, како и врз можноста за нејзино подобрување. Постоењето или непостоењето на ознака за пол не е причина одредени групи да се во полоша позиција од други (на пример, етнички, верски групи итн.). Освен тоа, статистиките покажуваат дека во државите каде што правното признавање на родот е достапно, постои поголема стапка на родова еднаквост и поголемо ниво на општо задоволство кај целокупното население.

## 6.Нема зошто да се носи закон за толку мала група луѓе.

Точно е дека само мал процент од населението е трансродово, меѓутоа нема никакво оправдување една група граѓани да се става во неповолна позиција. Правото на лична документација и на непречен пристап до добра и услуги е еднакво за сите граѓани и мора да се обезбеди и за трансродовите граѓани, доколку се стремиме кон еднакво општество за сите.

## 7.Ќе се зголеми бројот на транслуѓето.

Трансродовите луѓе се впуштаат во долгиот и мачен процес на медицинска и социјална транзиција по долго размислување. Постојат ризици од губење на семејството, пријателите, работата и домот. Постојат ризици од насилство и дискриминација. Промената на документите е само еден од чекорите и со оглед на неповолните околности, на тоа ќе се одлучат само оние граѓани на кои им е навистина неопходно. Нема да порасне бројот на транслуѓето, туку на тој чекор ќе се одлучат само оние на кои промената на документите им е навистина потребна, без никаква штета за јавниот интерес.

## 8.Општеството не е подготвено за таков закон.

Насекаде низ светот, а и во Европа, има многу држави со поволни закони за правно признавање на родот, во кои се бара едноставна изјава или формулар, а промената се врши со почитување на приватноста и телесниот интегритет, односно не се бараат медицински интервенции. Дури и нашето соседство на Балканот, каде што политичките струења и менталитетот се слични, се стреми кон вакви закони. Нашата држава се стреми кон Европската Унија, па според тоа е неопходно да го почитува ова клучно право на оваа група граѓани и да овозможи негово остварување.

## 9.Доколку транслицето остане во брак, тогаш тој брак ќе стане хомосексуален.

Нашата држава го штити семејството и бракот, па барањето за развод како услов да се промени ознаката за пол доведува до присилно разделување на партнерите и губење на едно право заради остварување на друго. Државата има обврска да ги заштити правата на поединецот без разлика дали тој/таа сака да ги промени своите документи или не.

Освен тоа, сè повеќе држави овозможуваат некаква форма на регистрирање граѓанско партнерство, со што постои опција за одржување на формалната заедница меѓу партнерите дури и по промената на документите. Ваквите движења постојат и во соседните држави.

## 10.Доколку се менуваат документи без операција, ќе имаме бремени мажи и жени кои зачнуваат деца.

Репродуктивните права му припаѓаат на секој граѓанин без разлика на неговиот родов идентитет и државата има обврска да ги заштити. Освен тоа, телесниот интегритет е заштитен со Уставот, па според тоа државата нема право да наметнува присилни медицински и хируршки интервенции само поради спроведување на административна постапка.

## 11.Потребна е психијатриска дијагноза за да не можат трансродовите луѓе тукутака да добијат промена на документите.

На 25 мај 2019 година Светската здравствена организација (СЗО) ја усвои последната меѓународна класификација на болести (ICD-11), со која трансродовоста не се смета за здравствена состојба. Оттука, воведувањето дијагноза како критериум за промена на ознаката за пол не е одржлива и е спротивна на најновите податоците врз кои се заснова новата меѓународна класификација на болести. Доколку се грижиме за менталното здравје на граѓаните, треба да посветиме повеќе време на едукација и мерки за грижа и одржување на психичката благосостојба на сите, вклучувајќи ги и трансродовите луѓе. Треба да се преземат мерки за заштита на правото на идентитет и на трансродовите луѓе кои имаат одреден психички проблем. Таквата состојба не смее да биде пречка за спроведување на административна постапка за промена на ознаката за пол, затоа што грижата за здравјето на едно лице не зависи од неговата ознака за пол во документите. Напротив, ограничувањето на ова право може да доведе до дополнителен стрес и тешкотии.

## 12.Луѓето постојано ќе ги менуваат документите.

Процесот на промена на документите не е едноставен. Одлуката да се започне постапка за промена на ознаката за пол трансродовите луѓе ја носат по долго размислување, соочување и прифаќање на себеси. Промената на ознаката е првиот чекор кон транзиција, што подразбира и воспоставување односи и релации со општеството согласно родовиот идентитет. Стравот од често менување на податоците во матичната евиденција е неоправдан и не се потврдува во пракса во земјите во кои подолго време е дозволена едноставна промена на полот. Освен тоа, постапката за промена на ознаката за пол наметнува спроведување низа административни постапки што не се едноставни и брзи. На пример, нов извод, лична карта, пасош, здравствена легитимација, а треба да се променат податоците во сите институции каде што граѓанинот е член (банка, спортски институции, образовни установи...). Имено, согласно постојниот закон, луѓето имаат можност постојано да го менуваат името, но тоа во пракса не се случува. Процесот за еднократна промена на документите е прилично долг, напорен и чини пари. Не е логично да се тврди дека одредено лице ќе одлучи постојано да поминува низ овој процес.

## 13.Децата ќе сакаат да „станат“ трансродови.

Доколку детето навистина се идентификува со род различен од полот при раѓање, фокусот треба да биде на обезбедување поддршка за него и неговото семејство, со цел позитивен и среќен исход. Доколку пристапот се ограничи на административната постапка за промена на документацијата, тоа може само да предизвика дополнителен стрес и други негативни чувства кај детето, да влијае врз неговиот понатамошен развој, а со тоа да има и големо влијание врз семејството. Детето и семејството треба да ја добијат најдобрата можна поддршка и треба да се работи во правец на наоѓање најсоодветно решение. Поддршката треба да се обезбеди без разлика на возраста на детето, со цел да се избегне штета врз неговото ментално здравје и со цел да се избегнат негативните последици врз односите во семејството.

## 14.Другите деца ќе се збунат.

Статистиките и истражувањата покажуваат дека децата се поотворени кон своите врсници и дека покажуваат поголемо разбирање за различностите кога во своето опкружување имаат трансродови луѓе. Патот на нашето општество кон подобрување, помеѓу другото, значи и зголемено ниво на емпатија и разбирање. На децата треба да им се помогне да го разберат светот околу себе и да ги прифаќаат личните карактеристики на другите. Освен тоа, мора да им се даде до знаење дека социјалното исклучување на врсниците е негативна практика. Создавањето на општество без исклучување и со прифаќање на различностите ќе создаде поголемо разбирање и единство меѓу граѓаните, особено децата како идни носители на општествените процеси.

**Контакт:**
transformamk@gmail.com
koalicijaszpmz@gmail.com